Република Македонија

# Техничко упатство за процесите за ненавремено пренесување на придонеси

Скопје, февруари 2019 година

МАПАС
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Содржина

Техничко упатство за процесите за ненавремено пренесување на придонеси.......... 3

1. Начин на достава на датотеките за ненавремено распределени членови, придонеси и надоместок ........ 3

1.1 Начин на достава на датотеките за членство во кои се содржат лица кои не биле распределени во рок ........ 3

1.2 Начин на достава на датотеките за пренос на придонеси за лица на кои треба да им се пресмета надоместок за ненавремена распределба ........ 4

1.3. Начин на достава на датотеките за наплата на надоместок кој Фондот на ПИОМ го плаќа поради ненавремена распределба ........ 4

2. Начин на достава на датотеките за ненавремено пренесување на придонес и надоместок ........ 4

2.1 Начин на достава на датотеките за пренос на придонеси за лица на кои треба да им се пресмета надоместок за ненавремоно пренесување на приоднес ........ 4

2.2. Начин на достава на датотеките за наплата на надоместок кој Фондот на ПИОМ го плаќа поради ненавремено пренесување на придонес ........ 5

3. Формат на датотека ........ 5

**Техничко упатство за процесите за ненавремено пренесување на придонеси**

Во ова техничко упатство се дефинираат начинот на достава на датотеките поврзани со процесите кои произлегуваат од *Правилникот за ненавремено пренесување на придонеси*, форматот во кој истите се доставуваат, како и формата и описот на карактеристиките содржани во датотеките за задолжителниот пензиски фонд.

Со ова упатство се дефинираат процесите за:

а) пренос на придонесите од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фондот на ПИОМ) во задолжителен пензиски фонд во случај на:

-неневремено пренесување на придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови и

-ненавремена распределба на осигурениците во задолжителните пензиски фондови и

б) начин на наплата на надоместоците кои треба да бидат платени од Фондот на ПИОМ и форматот на достава на датотеките до Фондот на ПИОМ и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: МАПАС) и тоа:

-надоместокот за ненавремено пренесување на придонес (во натамошниот текст: надоместок поради ненавремен придонес ) и

- надоместокот за ненавремена распределба на осигуреници (во натамошниот текст: надоместок поради ненавремена распределба)

## 1. Начин на достава на датотеките за ненавремено распределени членови, придонеси и надоместок

### 1.1 Начин на достава на датотеките за членство во кои се содржат лица кои не биле распределени во рок

Лицата, кои Фондот на ПИОМ не ги распределил пред 01.01.2019 година ги доставува на МАПАС преку датотека MaE302 формирана само за овие лица, која е идентична по формат на постоечката датотека MaE301.

Лицата, кои Фондот на ПИОМ не ги распределил по поминат рок од три месеци од пристапување во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, ги доставува на МАПАС преку датотека MaE302 формирана само за овие лица, која е идентична по формат на постоечката датотека MaE301.

По обработката на оваа датотека МАПАС за овие лица генерира датотека MaE101 кон Фондот на ПИОМ и MaE102 кон друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: друштвата) и истите во датотеката се означуваат со <DOCUMENT_TYPE>15008</DOCUMENT_TYPE>

### 1.2 Начин на достава на датотеките за пренос на придонеси за лица на кои треба да им се пресмета надоместок за ненавремена распределба

Членовите на задолжителен пензиски фонд на кои треба да им се пресмета надоместок за ненавремена распределба, ги добиваат придонесите од Фондот на ПИОМ преку постоечка датотека CCE102. Фондот на ПИОМ во датотеката за секој поединечен придонес известува за датумот на реалната уплата на придонесот во Фондот на ПИОМ преку полето <PAYMENT_DATE>YYYY-MM-DD</PAYMENT_DATE>.

### 1.3.Начин на достава на датотеките за наплата на надоместок кој Фондот на ПИОМ го плаќа поради ненавремена распределба

Друштвата за ненавремено распределените лица, според податокот <PAYMENT_DATE>, прават пресметка на начин опишан во Правилникот за ненавремено пренесување на придонеси и согласно пресметката формираат побарување на пензискиот фонд од Фондот на ПИОМ.

Друштвата, за сите претходно утврдени пресметки и формирани побарувања, доставуваат збирна датотека NNR101 на порталот на МАПАС која го содржи износот на надоместок за ненавремена распределба за секој осигуреник кој бил ненавремено распределен и вкупниот надоместок кој Фондот на ПИОМ треба да го уплати во задолжителниот пензиски фонд.

По пресметката на надоместокот МАПАС овие лица ги означува со <DOCUMENT_TYPE>15011</DOCUMENT_TYPE> и истите ги доставува до друштвата.

## 2. Начин на достава на датотеките за ненавремено пренесување на придонес и надоместок

### 2.1 Начин на достава на датотеките за пренос на придонеси за лица на кои треба да им се пресмета надоместок за ненавремоно пренесување на приоднес

Членовите на задолжителен пензиски фонд на кои треба да им се пресмета надоместок за ненавремено пренесување на придонес, ги добиваат придонесите од Фондот на ПИОМ преку постоечка датотека CCE102. Фондот на ПИОМ во датотеката за секој поединечен придонес известува за датумот на реалната уплата на придонесот во Фондот на ПИОМ преку полето <PAYMENT_DATE>YYYY-MM-DD</PAYMENT_DATE>.

МАПАС, при обработка на датотеката CCE102, генерира датотека CCE104 кон друштвата и ги известува дека во оваа датотека постојат придонеси кои се со задоцнето плаќање повеќе од 90 дена.

## 2.2.Начин на достава на датотеките за наплата на надоместок кој Фондот на ПИОМ го плаќа поради ненавремено пренесување на придонес

Друштвата, според податокот <PAYMENT_DATE>, прават пресметка на начин опишан во Правилникот за ненавремено пренесување на придонеси и согласно пресметката формираат побарување на пензискиот фонд од Фондот на ПИОМ.

Друштвата, за сите претходно утврдени пресметки и формирани побарувања, доставуваат збирна датотека NNR101 на порталот на МАПАС која го содржи износот на надоместок за ненавремен пренос на придонес за секој член за кој е утврден ненавремен придоне и вкупниот надоместок кој Фондот на ПИОМ треба да го уплати во задолжителниот пензиски фонд.

## 3. Формат на датотека

Датотеката треба да биде во стандарден XML формат и името на датотеката треба да биде во согласност со стандардна шема на МАПАС. Назив на примач на оваа датотека е Фондот на ПИОМ(01002).

Пр. NNR101001-20180131-0102001002.xml

| | |
|---|---|
| NNR101 | Тип на датотека |
| 001 | Реден број на датотека |
| 20190131 | Датум на кој се однесува датотеката |
| 01020 | Шифра на ентитет доставувач |
| 01002 | Шифра на ентитет примач |

Детален опис на содржината на датотеката NNR101:

```
<ZAGLAVJE>
	<PRAKA></PRAKA>
	<PRIMA></PRIMA>
	<DATUM></DATUM>
	<IDENTIFIKACISKI_BROJ></IDENTIFIKACISKI_BROJ>
</ZAGLAVJE>

<SODRZINA>
	<STAVKA>
	<PIN></PIN>
	<PENSION_FUND></PENSION_FUND>

	<IZNOS_TOT_MKD></IZNOS_TOT_MKD>
	</STAVKA>
</SODRZINA>

<ZBIRNI>
	<BR_REDOVI></BR_REDOVI>
	<VKUPNO_MKD></VKUPNO_MKD >
</ZBIRNI>
```

XML датотеките ќе се доставуваат преку порталот на МАПАС.

Подготвил: Димитар Трпковски
Правна редакција: Татјана Стефановска

Претседател на Советот на експерти,
Максуд Али